# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА КОЖАРСКА И ЧЕВЛАРСКА ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДОНЕСЕНИ НА 04.02.2010 ГОДИНА

.1. Во член 32, во првиот став зборовите **“4.100,00 денари”** се менуваат и гласат **“ 4.800,00 денари”**

2.Во членот 48, во став 1, **“алинеите 1 и 2 се бришат во целост”.**

3.Во член 48 меѓу двата последни става се додава нов став кој гласи:

**“Работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа. Трошоците за исхрана може да изнесуваат најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година, а трошоците за превоз во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај.”**

4. После член 40, се додава нов член кој гласи:

**“Работодавачот доколку не организира исхрана за време на работа или нема организиран превоз до и од работното место и истите не ги платил, може на работниците да им ја зголеми платата во висина што ќе ја определи во договор со претставниците на синдикалната организација во претпријатието и Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ”.**

5. Член 41 станува член 42 и сите наредни членови го менуваат редоследот

6. Во член 51, точката 3 се менува и гласи:

**“На работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината и остварил просечна норма над 70% кај истиот работодавач, работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Република Македонија”**

**04.02.2010**

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
**Здружение за кожарска и чевларска индустрија**
**Претседател,**
**Костадин Барзов**

-----------------------------------------------

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД ТЕКСТИЛНАТА, КОЖАРСКАТА И ЧЕВЛАРСКАТА ИНДУСТРИЈА НА РМ**
**Претседател,**
**Анѓелко Анѓелковски**

---------------------------------------------